

Телињата веднаш се двојат од своите мајки, се сместуваат во тесни кафези, форсирано се хранат со течна храна, со недостиг на железо. Прасиците се наоѓаат и пред и по опрасувањето во тесни, метални боксови. Кокошките несилки се држат пет по број, на простор помал од простлан весник, каде железните прачки на кои стојат им предизвикуваат болни рани на нозете и прстите, а од депресивната состојба ги кубат своите пердуви и крилја.

Гуските се држат во кафези каде со хидраулична пумпа им се вбризгува и до пола килограм храна (за неколку секунди) директно во стомакот, што предизвикува срцеви и бубрежни заболувања и до дваесет пати повисока стапка на смртност, отколку во природни услови на живот.

ГО ПОДДРЖУВАТЕ ЛИ ВАКВИОТ ОДНОС КОН ЖИВОТНИТЕ?



ТРАНСПОРТ





без